Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03-962**
**19.08.2024 год.**

**СООПШТЕНИЕ ЗА ТРЕТА ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

Почитувани студенти,

Ве известуваме дека третата испитна сесија согласно Универзитетскиот календар за учебната 2023/2024 година ќе се одвива во период од **26.08. (понеделник) до 30.09. 2024 година (понеделник)**.

Електронското пријавување на испити за третата испитна сесија (август-септември), ќе се **спроведува во период од 21.08. (среда) и трае до 27.09.2024 година (петок)** преку електронскиот систем **iKnow**.

По пријавување на испитот, **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** во долниот десен агол на хартиената пријава запишете го серискиот број од пријавата кој ви го дава електронскиот систем. По електронското пријавување на испитот, со индексот и пополнетета пријава можете да излезете на испит согласно закажаниот термин. По полагање на испитот, предметниот професор ја впишува оценката во пријавата, индексот и во **iKnow** системот.

Согласно член 39 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.417, од 29 јануари 2019 год.), студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма и не добил потпис, неможе да пристапи на испит.

Доколку имате било какви потешкоти поврзани со пријавување на испитите, слободно котактирајте ја Службата за студентски прашања (02 3240-774).

Со почит,

Продекан за настава
проф. д-р Ксенија Илиевска

**МКС EN ISO/IEC 17025**